Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 11-122/5
20.07 2020 год.
ВЕВЧАНИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ТРАЈНО

# Процедура за спроведување на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

Оваа процедура има за цел да ја опише постапката за спроведување на набавки во општина Вевчани со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, а заради обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори; сразмерност, еднаков третман и недискриминација; транспаретност; и економичност, ефикасност и ефективност во користењето на јавни средствата.

**Општина Вевчани**

| | |
|---|---|
| **Сопственик на процес** | Градоначалник на општина Вевчани |
| **Цел на процес** | Спроведување набавки за потребите на општина Вевчани со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, а заради обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори; сразмерност, еднаков третман и недискриминација; транспаретност; и економичност, ефикасност и ефективност во користењето на јавни средствата. |
| **Мандат** | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;<br>Закон за јавните набавки;<br>Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во општина Вевчани. |

| ХРОНОЛОШКИ АКТИВНОСТИ |
|---|
| **1. Иницирање на постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки** |
| Постапката за набавка на стоки, услуги или работи со проценета вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот на јавните набавки започнува со поднесување на **писмено барање** во кое се наведува предметот на набавката, потребната количина и проценетата вредност на набавката. Како барател може да се јави било кое лице вработено во општина Вевчани кое има потреба од конкретната набавка со цел непречено извршување на своите работни цели и задачи.<br>При изготвување на барањето, барателот е должен да спроведе истражување на пазарот со цел утврдување на проценета вредност на набавката која соодејствува со моменталните пазарните услови, попрецизно дефинирање на техничкиот опис на предметот на.набавката, како и идентификување на листа на потенцијални економски оператори кои ги нудат бараните стоки и услуги или можат да ги извршат бараните работи кои се предмет на потребата од набавка.<br>Барањето за набавка се доставува преку архивата до градоначалникот или лице овластено од градоначалникот за одобрување. |
| **2. Одобрување на потребата од набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки** |

По добивање на барањето, градоначалникот или лице овластено од градоначалникот за одобрување, врши проценка за неопходноста и потребата за спроведување на бараната набавка и барањето го проследува до лицето овластено за вршење на работи од областа од јавните набавки за понатамошно постапување.

Доколку барањето за набавка се одобрува, лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки изготвува решение за одобрување на бараната набавка по претходно добиењо позитивно мислење од страна на Виш соработник за планирање, организирање и извршување на буџет дека за конкретната набавка се планиран или обезбедени средства во буџетот на општина Вевчани.

Доколку врз основа на проценката на градоначалникот или лице овластено од градоначалникот или доколку не се планирани или обезбедени средства за реализација на конкретната набавка во буџетот на општина Вевчани, лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки изготвува решение за одбивање на барањето за набавка.

**3. Спроведување на постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки**

Врз основа на барањето и решението за одобрување на барањето за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки спроведува постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки превземајќи ги следните чекори:

1. Согласно податоците во барањето за набавка, изготвува оглас за јавна набавка кој се објавува на општинската веб страница;
2. Подготвува покана за доставување на понуда и образец за доставување на понуда и истите се испраќаат до економските оператори наведени во барањето за набавка на барателот или до други економски оператори кои вообичаено се јавуваат како даватели на таква услуга или извршители на таквите работи и добавувачи на таков вид на стоки;
3. По истекот на крајниот рок за доставување на понудите, лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки врши отворање и евалуација на понудите и изготвува извештај за спроведената постапка за набавка со предлог за избор на најповолна понуда и истиот го гоставува до градоначалникот или лицето овластено од градоначалникот за одобрување.

**4. Донесување на одлука за избор на најповолен понудувач за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки**

Согласно извештајот од спроведената постапка за набавка, лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки изготвува одлука за избор на најповолна понуда и ја доставува до градоначалникот или лицето овластено од градоначалникот на одобрување;

Примерок од одобрената одлука за избор на најповолен понудувач се доставува до одделението од финансиски прашања и до барателот на конкретната набавка.

| |
|---|
| **5. Извршување на спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки** |
| Врз основа на прибавеното одобрение, изготвениот извештај за спроведената постапка за набавка и одлуката за избор на најповолен понудувач за конкретната набавка, барателот може да ја изврши потребната набавка и при тоа е должен целокупната документација вклучително и фактурата со прилог испратницата во оригинал да ги достави до архивата од каде понатаму се проследуваат до одделението за финансики прашања.<br>Лицето вработено во одделението за финансиски прашања задолжено за планирање, организирање и извршување на буџетот, по извршување на контролата на целокупната документација на набавката превзема понатамошни активности за сметководствено евидентирање и плаќање на извршената набавка. |
| **6. Подготовка и чување на досие од спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки** |
| Лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки во соработка со архиварот подготвува досие од спроведената постапка за набавка во кое треба да бидат содржани следните документи: барањето за набавка, одобрението, огласот за набавка и доказот за негова објава на општинската веб страна, прибраните понуди, извештајот од отворање и евалуација на понудите и одлуката за набавка.<br>Досието од спроведената постапка се чува во архивата на општина Вевчани во согласност со роковите утврдени со прописите што го уредуваат архивското и канцелариското работење. |
| **7. Подготовка и објавување на квартална евиденција на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН)** |
| Лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки е должно набавките со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки спроведени во рамките на оваа процедура како и другите набавките со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки за кои е исклучена примената на оваа процедура, да ги внесе во квартална евиденција на општина Вевчани соодветно во кварталот кога истите се настанати и да ги направи јавно достапки по истекот на секој квартал на ЕСЈН. |

| Инволвирани вработени |
| --- |
| Градоначалник |
| Советник за јавни набавки (лице овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки) |
| Виш соработиник за планирање, организирање и извршување на буџет |
| Самостоен референт – архивар |
| Барател на набавка (сите вработени во општина Вевчани) |

| Минимална поделба на должности | |
| --- | --- |
| Градоначалник | Го одобрува извршувањето |
| Советник за јавни набавки | Подготвува документи и ја спроведува постапка за набавка согласно одобреното барање за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Виш соработиник за планирање, организирање и извршување на буџет | Дава мислење за планирани или обезбедени средства за реализација на набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки;<br>Врши проверка на целокупната документација за извршената набавка, сметководствено евидентирање и плаќање |
| Самостоен референт – архивар | Ја евидентира и чува документацијата од спроведените постапки |
| Барател на набавка | Инцирање постапка за спроведување на набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки;<br>Извршување на барана набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |

| Документи за известување |
|---|
| Барање за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Решение за одобрување/одбивање на барање за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Оглас за набавка, покана за доставување на понуда и образец за доставување на понуда за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Извештај од спроведената набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Одлука за избор на најповолен понудувач за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Писмена нарачка, договор, фактура и испратница за извршена испорака; |
| Архивско досие за спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |
| Квартална евиденција на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки |

| **Исклучоци од примена на процедурата за спроведување на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки** |
|---|
| Оваа процедура не се применува при набавка на стоки, услуги или работи за кои во буџетската година е веќе распишан јавен оглас за доделување на договор за јавна набавка преку системот на ЕСЈН или предметот на набавката е опфатен со годишниот план за јавни набавки; |
| Во исклучителни случаеви поради итност или ограниченост на предметот на набавката, може да се изврши набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки без спроведување на оваа процедура, притоа водејќи сметка за реалноста на пазарната вредност на конкретната набавка. |
| Оваа процедура не се применува при набавка на стоки, услуги или работи чија проценета вредност е еднаква или помала од 500,00 евра без вклучен ДДВ во денарска противвредност за стоки и услуги и 1000,00 евра без вклучен ДДВ во денарска противвредност за работи. |

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Сашо Јанкоски**

| Тек на работа | Резултат Официјален документ | Критичен временски период | Вработени | | | | | Профил на ризик |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Градоначалник | Советник за јавни набавки | Виш соработник за планирање, организирање и извршување на буџетот | Самостоен референт архивар | Барател на набавка | |
| Иницирање на постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Барање за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т=1 | | | | Р | И | С |
| Одобрување на потребата од набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Решение за одобрување/одбивање на барање за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т=3 | О | И | П | Р | | С |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Оглас за набавка, покана за доставување на понуда и образец за доставување на понуда за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки; Извештај од спроведената набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т=10 | О | И | П | Р | | С |
| Донесување на одлука за избор на најповолен понудувач за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Одлука за избор на најповолен пондувач за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т=3 | О | И | | Р | | С |
| Извршување на спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Писмена нарачка, договор, фактура и испратница за извршена испорака; | Т=5 | | | П | Р | И | С |
| Подготовка и чување на досие од спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Архивско досие за спроведена постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т= континуирано | | П | | Ч | | С |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка и објавување на квартална евиденција на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) | Квартална евиденција на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки | Т= квартално | | И | | Ч | | С |
| | | Т = 1 ден | О = одобрување<br>И = извршување<br>Ч = чување<br>Р = регистрирање<br>П = проверка | | | В = високо<br>С = средно<br>Н = ниско | | |

Прилог 1 - Барање за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

**До:**
**Општина Вевчани**
- **Градоначалник**

**Предмет: Барање за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од Законот за јавните набавки**

Почитуван градоначалник,

Со цел непречено извршување на моите работни цели и задачи имам потреба од набавка на следните *стоки/услуги/работи* :

| Р.б. | Детален опис на бараната стока/услуга/работа (Технички спецификации) | Потребна количина |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| ... | | |

Проценетата вредност на барата набавка согласно моменталните цени на пазарот изнесува ______________________ денари без вклучен ДДВ.

За, таа цел потребно е спроведување на набавка на *стоки/услуги/работи* согласно процедурата за спроведување на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки.

На пазарот постојат повеќе економски оператори кои ги нудат бараните *стоки/услуги/работи* меѓу како слелектрирани за доставување на барање за понуда се идентификуваат следните економски оператори:

| Р.б. | Назив на економски оператори | Контакт информации |
|---|---|---|
| 1 | | *(Адреса, телефон, факс, е-пошта)* |
| 2 | | |
| ... | | |

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА....**

**Баратeл,**

Прилог 2 - Решение за одобрување на барање за набака со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа, а во врска со барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки бр.__________ од ____________ година, градоначалникот на општина Вевчани го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на барање за набавка на *стоки/услуги/работи***

1. Се одобрува барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки поднесено од барателот __________________ заведено во ахивата на општина Вевчани со бр.__________________ од ____________________ година;
2. Се задолжува лицето овластено за вршење на работи од областа на јавните набавки да спроведе постапка за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки;
3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето.

<u>ОБРАЗЛОЖЕНИЕ</u>

На ден ____________ година, до архивата на општина Вевчани поднесено е барање за спроведување на набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки бр. _____________ од ______________ година.

Со оглед на тоа што потребата од предметната набавка е неопходна, а во буџетот на општина Вевчани се планирани и обезбедени средства за реализација на набавката, согласно процедурата за спроведување на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, градоначалникот на општина Вевчани го донесе ова решение за одобрување на барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со кое одлучи како во диспозитивот.

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа, а во врска со барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки бр.__________ од _____________ година, градоначалникот на општина Вевчани го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одбивање на барање за набавка на *стоки/услуги/работи***

1. Се одбива барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки поднесено од барателот ____________________ заведено во ахивата на општина Вевчани со бр.____________________ од ______________________ година;

2. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

На ден _____________ година, до архивата на општина Вевчани поднесено е барање за спроведување на набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки бр. ______________ од _______________ година.

Со оглед на тоа што потребата од предметната набавка не се оценува како неопходна, односно во буџетот на општина Вевчани не се планирани и обезбедени средства за реализација на набавката, согласно процедурата за спроведување на набавки со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, градоначалникот на општина Вевчани го донесе ова решение за одбивање на барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* со кое одлучи како во диспозитивот.

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Вевчани бб**
**6335 Вевчани**
**Телефон: 046784-640**
**Факс: 046/784-641**
**Е-пошта: contact@vevcani.gov.mk**

## ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА *СТОКИ/УСЛУГИ/РАБОТИ*

**БР.________________**

Општина Вевчани има потреба од набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки. Согасно процедурата за спроведување на набавки со вредност под со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, објавува оглас за прибирање на понуди за за набавка на следните *стоки/услуги/работи*

| **Р.б.** | **Опис на бараната *стока/услуга/работа*** | **Потребна количина** |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| ... | | |

Сите заинтересирани правни лица или физички лица  кои вршат дејност поврзана со предметот на набавката можат своите понуди да ги поднесат на следната адреса: Општина Вевчани, Вевчани бб, 6335 Вевчани,, лично во архивата на општина Вевчани или скенирани во оригинал на следната е-пошта: ______________________________.

Краен рок за доставување на понудите е: ______________________година, _______________часот.

Образецот за доставување на понуда  е даден во прилог на огласот.

Дополнителни информации во врска со набавката можат да се добијат на горната адреса.

Прилог 4 - Покана за поднесување на понуда за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

**До:________________________________**

**Предмет: Покана за поднесување на понуда во постапка за набавка на стоки/услуги/работи со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки**

Почитувани,

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**, со адреса на ул.**Вевчани бб, 6335 Вевчани** телефон за контакт **046/784-640**, факс **046/784-641,** има потреба за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки.

**Предмет на набавка се следните *стоки/услуги/работи*:**

| **Р.б.** | **Опис на бараната *стока/услуга/работа*** | **Потребна количина** |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| ... | | |

**За таа цел, ви ја доставуваме оваа покана за поднесување на понуда и и образец за доставување на понуда за ваше учество во постапката за прибирање на понуди.**

Доколку постои интерес кај вас, ве молиме вашата понуда за горенаведениот предмет на набавка да ни ја доставите најдоцна до _______________ год. во _________ **часот** (по локално време) по пошта на горната адреса: Општина Вевчани, Вевчани бб, 6335 Вевчани, лично со во архивата на на општина Вевчани или по електронски пат скенирана во оригинал во pdf/jpg формат на е-пошта: __________________________.

Критериум за избор ќе биде: најниска понудена цена.

Информации за избраниот понудувач за набавката ќе бидат објавени на општинската веб страна на која е и објавен оглас за предметната набавка во дел: јавни набавки.Понудите кои нема да ги содржат сите барани податоци наведени во образецот понуда и понудите кои ќе бидат доставени по крајниот рок назначен во оваа покана нема да бидат предмет на разгледување.

Однапред благодариме на соработката,

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Советник за јавни набавки**

Прилог 5 - Образец за поднесување на понуда за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

Врз основа на огласот број ___________ објавен од страна на општина Вевчани за набавка на стоки/услуги/работи ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ______________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ______________________________
- Телефон: ______________________________
- Факс: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________
- Лице за контакт: ______________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________

I.4. Даночен број: ______________________________

I.5. Матичен број: ______________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стокиуслуги/работи:

| Р.б. | Опис на барааната *стока/услуга/работа* | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| ... | | | | | |
| **ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ** | | | | | |
| **ДДВ** | | | | | |
| **ВКУПНА ЦЕНА СО ДДВ** | | | | | |

Место и датум

______________________

Одговорно лице*

______________________

(потпис)

Прилог 6 - Извештај од спроведена постапка набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки

**1. Договорен орган (назив и адреса):** Општина Вевчани,Вевчанибб 6335 Вевчани

**2. Број на огласот:** ______________________________

**3. Предмет на набавка:** ______________________________

**4. Проценета вредноста на набавката:** ______________________________

**5. Поканети економски оператори за доставување на понуда:**

| Р.б. | Назив на економскиот оператор | Контакт информации |
|---|---|---|
| 1 | | *(Адреса, телефон, факс, е-пошта)* |
| 2 | | |
| ... | | |

8. **Вкупен број на примени понуди:** ______________________________

9. **Листа на понудувачи кои доставиле понуда:**

| Р.б. | Понудувач | Контакт информации |
|---|---|---|
| 1 | | *(Адреса, телефон, факс, е-пошта)* |
| 2 | | |
| ... | | |

**10. Разгледување на финансиските понуди на понудувачите:**

| Р.б. | Понудувач | Понудена цена без вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| ... | | |

11. **Критериум за избор на најповолна понуда:** најниска цена

12. **Конечно рангирање на понудите:**

| Р.б. | Понудувач | Понудена цена без вклучен ДДВ | Конечен ранг |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| ... | | | |

**13. Предлог за избор на најповолна понуда:**

| Р.б. | Понудувач | Понудена цена без вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | | |

Вевчани,_________________________ година

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

____________________

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* бр. ______________ од ____________________ година и извештајот од спроведена постапка бр. ______________ од ____________________ година за набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки, градоначалникот на општина Вевчани ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на најповолна понуда**

1. За најповолна понуда во постапката за набавка на *стоки/услуги/работи* со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки се избира следната понуда:

| Р.б. | Понудувач | Понудена цена без вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | | |

2. Се задолжува на барателот да ја спроведе набавката и по завршување на истата да обезбеди целокупна документација (писмена нарачка, договор, фактура и испратница за извршена испорака) преку архивата да се достави до Одделението за финансиски прашања;
3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Врз основа на барањето за набавка на *стоки/услуги/работи* бр.________________ од ________________ година, се спроведе постапка за избор набавка со вредност набавка со вредност под вредносните прагови утврдени со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки.

По истекот на крајниот рок за доставување на понудите, согласно спроведената евалуација и рангирање на пристигнатите понуди се изготви извештај од спроведената постапка бр.______________од ______________ година кој содржи предлог за избор на најповолна понуда.

Согласно предлогот во извештајот за спроведена постапка, градоначалникот ја донесе оваа Одлука со која одлучи како во диспозитивот.

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ
Градоначалник